**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-350
01.09. **2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 15 август 2014 година бр.10-4333/2 од 29.08.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со звучни средства, од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 01.09.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), односно поради регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со звучни средства.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, почеток и крај на период на емитување и опис на прекршување) во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 15 август 2014 година бр.10-4333/2 од 29.08.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 15 август 2014 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, на 15 август 2014 година, во неколку наврати е регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови од програмата, односно се емитувани без да се означат со звучни средства, било на почетокот од рекламата и/или рекламниот блок, било на крајот од блокот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај и опис на прекршување) во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 15 август 2014 година бр.10-4333/2 од 29.08.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 15 август 2014 година бр.10-4333/2 од 29.08.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**В.Д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, емитуван на 15 август 2014 година бр.10-4333/2 од 29.08.2014 година

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.